**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ФОТОГРАФИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 14.04.2023 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Фотографија,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања по група предмети од областа **Фотографија**, објавен во весникот „Нова Македонија" од 29 март 2023 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **м-р Крунослав Аџиевски.** Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Мишо Нетков,**
**Проф. Роберт Јанкулоски,**
**Вонреден професор Елена Бојаџиева-Цветковска,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

НАУЧНИ, СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Кандидатот м-р Крунослав Аџиевски е вработен во Министерство за внатрешни работи во Оддел за форензички испитувања.

Магистрирал на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет "Еуропа Прима"- Скопје, со магистерскиот труд на тема: "Инструментална фотографија и нејзин процес со скенирачки електронски микроскоп со енергетско дисперзивен детектор." и се стекнал со право на научен степен Магистер по Аудиовизуелни уметности.

Студиите ги започнал на истоимениот факултет за филмски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности "Европска, филмска, театарска и танцова академија" - Скопје, со дипломски труд на тема: "Форензичка фотографија." и се стекнал со право на научен степен дипломиран специјалист по филмски уметности.

Студии завршил и на Факултетот за физичко образование спорт и здравје при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј"- Скопје, со два дипломски труд на тема: "Силови способности во алпинизам" и "Алпинизам" и се стекнал со право на научен степен дипломиран спортски тренер по фитнес и боди билдинг и дипломиран спортски тренер по алпинизам.

Средното образование го завршил во Центарот за обука на кадри од областа на безбедноста - Средно полициско училиште – "Елисије Поповски Марко".

Уметнички дела:

- Стихозбирка Него – Крунослав Аџиевски;
- Снимател на репортажи на алпинистички искачувања во 2007 и 2008 година;
- Има 6 изложби на фотографии: Македонските планини, Параглајдерство, Фотографии од хеликоптер, Челични работници, Форензичка фотографија, Фотографии од скенирачки електронски микроскоп;
- Краток филм за Претставување на спасителната служба „Асклепиј" изработен од Крунослав Аџиевски и Ана Велкова;
- Автобиографски филм "Круно" во режија на Крунослав Аџиевски;
- Документарен филм "Јешуа" во режија на Крунослав Аџиевски:
- Official Selection of Alternative Film and Video Festival 2015;
- Official Selection of SPFW - INDIE FILM FESTIVAL 2015;
- Official Selection of Viva Film Festival 2016;
- Winner of Near Nazareth Festival 2016;
- Official Selection of Roma Cinema DOC 2016;
- Semi-finalist of CreActive International Open Film Festival (IOFF).
- Краток филмски спот за Македонските убавини за филмски фестивал во Аљаска - САД во режија на Крунослав Аџиевски;

- Учествува како статист во спот за Македонскиот туризам "Македонија вечна" во режија на Игор Иванов – Изи.

За време на работењето во Одделот за форензички испитувања при Министерството за внатрешни работи на РСМ како и работењето во тимска работа на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, земал учество во повеќе истраги, обдукции и есхумации од Меѓународен и Национален карактер кој беа од повеќе кривично правни аспекти (убиства, злосторства против човештвото........),

Исто така како вработен во Одделот за форензички испитувања заедно со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Министерството за внатрешни работи на РСМ учествувал во голем број на полициски акции со Меѓународни организации (Интерпол, Европол итн.) каде што покажал висок степен на професионалност, посветеност, темелност и точност во извршувањето на поставените задачи. Имајќи предвид дека во ваквите форензички истраги потребен е огромен степен на тимска работа, може да се истакнам дека поседува навистина исклучителни способности за работа во група, под притисок и во опкружување каде што се извршуваат повеќе задачи истовремено.

Се има здобиено со соодветни сертификати и признанија во оваа област кои се реализирани и под покровителство на меѓународни организациии и тоа:

1. Сертификат за истражување на несреќи во воздухопловство од Меѓудржавен воздухопловен комитет во Москва – Руска Федерација.
2. Сертификат за форензички увид за Хемиска, Биолошка, Радијациона и Нуклеарна истрага – Прокет 57 од Centres of Excellence – European Union.
3. Сертификат за успешно завршено специјализирано обучување на тренинг курс во однос на компјутерска форензика Твининг проект за реформи во Полицијата во соработка со Полицијата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.
4. Сертификат за увид на место на настан после експлозија Твининг проект за реформи во Полицијата во соработка со Полицијата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.
5. Сертификат за основна обука за сајбер безбедност за вработени во јавна администрација.
6. Сертификат за основна обука за сајбер безбедност за менаџерски и раководен персонал во јавен сектор.
7. Сертификат за топографија и ориентација издаден од ОБСЕ Мисијата во Скопје и Француска Амбасада во Скопје.
8. Потврда за учество на обука за примена на техника на јаже во урбана и планинска средина и употреба на куче за специјални полициски операции издаден од Француска Амбасада во Скопје.
9. Сертификат за работа со класифицирани информаци издаден од Дирекција за безбедност на класифицирани информации.
10. Сертификат за форензички експерт за специјализација на форензичка анализа на дигитална фотографија и видео издаден од Инсиг 2 Тренинг центар Р. Хрватска.
11. Сертификат за работа со специјален форензички софтвер и алатки Amped Authenticate за форензичка анализа на дигитална фотографија и видео издаден од Инсиг 2 Тренинг центар Р. Хрватска.
12. Уверение за посета на семинар за систем за управување со квалитет според меѓународниот стандард МКС EN ISO/IEC 17025:2006.
13. Уверение за посета на семинар за општи барања за компетентност на лаборатории за тестирање и калибрација според меѓународниот стандард МКС EN ISO/IEC 17025:2017, IDT, EN ISO/IEC 17025:2017, IDT.
14. Сертификат за учество на обуката за заштита на податоци.
15. Уверение за припадник на безбедносните сили.
16. Уверение за здравствен работник за самостојно укажување здравствена заштита издадено од Јавна здравствена установа Општа болница – Струга.
17. Сертификат за Напредно преживување во ургентна медицина издаден од Европски ресукционен сојуз и Ресукционен сојуз на Србија.
18. Сертификат за завршена обука на Тим за брз одговор за спасување на планина од Дирекција за заштита и спасување.
19. Диплома за радио – оператор од "Д" класа од Радиоаматерски сојуз на Македонија.
20. Одобрение за користење на радиофрекфенции во радиоаматерска служба издадено од Агенција за електронски комуникации.
21. Уверение за оспособеност за управување со чамец од Министерство за транспорт и врски – Капетанија на пристаништа – Охрид.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **м-р Крунослав Аџиевски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Насловен доцент** по група предмети од областа **Фотографија,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Мишо Нетков**

_______________________________

**Проф. Роберт Јанкулоски**

__________________________________

**Вонреден професор Елена Бојаџиева-Цветковска**

__________________________________

**Скопје, 28.04.2023**